Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
122/2010
Датум на објавување:
17.9.10

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 39 став 7 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09 и 114/09), министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ЗАШТИТА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на заштита на јавните патишта.

## 2. ПОСТАВУВАЊЕ НА НАТПИСИ И РЕКЛАМНИ ТАБЛИ

### Член 2

Натписи и рекламни табли може да се поставуваат во заштитниот појас на јавните патишта само со дозвола за нивно поставување.

### Член 3

Дозволата за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на патот се издаваат врз основа на Барање за добивање на дозвола за поставување на натписи и рекламни табли со приложена техничка документација.

Барањето од став 1 на овој член содржи:
- податоци на подносителот на Барањето на дозволата;
- локацијата каде што натписот и/или рекламната табла се бара да биде поставена;
- техничка скица од која се гледа изгледот, содржината, боите и димензиите на натписот и/или рекламната табла и
- растојанието на рекламната табла од патниот појас, мерено од крајниот раб на таблата.

По поднесување на Барањето се врши теренски увид за одредување на локацијата и условите за поставување на рекламната табла или натпис, за што се составува записник за поставување со точна стационажа на патот.

### Член 4

Барањето од член 3 на овој правилник со целокупната документација се разгледува од страна на надлежните служби во Агенцијата за државни патишта, заради утврдување на условите за негово прифаќање.

### Член 5

Рекламните табли или натписи се поставуваат така што местоположбата, изгледот и содржината не треба да пречи на поставената вертикална сигнализација на патот, прегледноста на патот или да влијае на безбедноста на сообраќајот на патот.

Рекламните табли или натписи не треба да бидат осветлени и нивните бои да не се рефлектирачки и слични на боите на сообраќајните знаци и знаците за водење на сообраќајот.

При поставувањето на рекламните табли или натписи подносителот на барањето односно изведувачот не може да го зафаќа патот и патниот појас со градежен материјал и механизацијата за работа, или да ја оштети заштитната жичана ограда и опремата на патот.

### Член 6

Поставувањето на рекламните табли или натписи се врши во согласност со условите пропишани во добиената дозвола. Во случај на нивно непочитување и отстапување се поведува постапка за запазување на утврдените услови со дозволата или дозволата се одзема.

Контрола врз поставувањето на рекламната табла или натпис во согласност со дозволата, врши овластено стручно лице од Агенцијата за државни патишта.

## 3. ВОНРЕДЕН ПРЕВОЗ

### Член 7

Дозволата за вонреден превоз се издава врз основа на Барање за добивање на дозвола за вонреден превоз доставено до Агенција за државни патишта од превозникот со потребна техничка документација.

Барањето од став 1 на овој член содржи:
- податоци за подносителот на барањето со адреса на правното лице;
- марка на возилото и регистарски број за кое се издава дозволата;
- видот на товарот кој е заведен за превоз со возилото;
- релација на вонредниот превоз (почетна и крај на дестинација и патните правци по кои ќе се одвива вонредниот превоз),
- почетниот и крајниот датум за кој се бара дозвола за вонредниот превоз и
- за возила со вонгабаритен товар, конструктивна анализа за пресметка на карактеристични влијанија на возила со вангабаритен товар со носивоста на мостовските конструкции.

Кон Барањето превозникот приложува скица на моторното возило заедно со приколката/полуприколката, со внесени вкупни димензии (должина, ширина, висина и тежина на товарното моторно возило заедно со товарот), со означени растојанија меѓу оските на моторното возило и растојание меѓу оските на приколката/полуприколката како и фотокопии од сообраќајните дозволи за моторното возило и за приколката/полуприколката и доказ за извршена уплата за издавање на дозвола и наплатена административна такса за вонреден превоз.

### Член 8

Дозволата за вонреден превоз содржи:
- податоци за превозникот со адреса на седиштето на правното лице;
- релација на вонредниот превоз (почетна и крај на дестинација и патните правци по кои ќе се одвива вонредниот превоз) и должина на релацијата;
- регистарски број на возилото со кое ќе се врши превозот;
- услови под кои се дозволува да се изврши превозот, (време, одредба за техничка исправност, обележување на возилото при превозот, брзина на движење со која може да се движи);
- висина на надоместокот за вонредниот превоз;
- временскиот период на важноста на дозволата, како и одобрениот број на патувања и
- условите за обезбедување на превозот наведени во согласноста за извршување на вонреден превоз издадена од Министерството за внатрешни работи.

### Член 9

Врз основа на Барањето од член 7 на овој правилник се прави пресметка за висината на надоместокот за издавање на дозволата за вонреден превоз што превозникот ја уплаќа и која се доставува до Агенцијата за државни патишта.

Пред издавање на дозволата за вонреден превоз барателот до Агенцијата за државни патишта доставува доказ за платен надоместок и административна такса.

### Член 10

Дозвола за вонреден превоз се издава само за неделив товар и доколку овој превоз не може да се изведе со останати транспортни средства или пак транспортот со тие средства би бил премногу сложен.

### Член 11

Дозвола за вонреден превоз се издава за секој превоз посебно.

За возилата со домашни регистарски таблички, за домашен превоз дозволата се издава со важност од седум дена, за возилата со домашни регистарски таблички, за меѓународен превоз дозволата се издава со важност од 15 дена, додека дозволата за возилата со странски регистарски таблички се издава со важност од 30 дена.

За возилата со димензии што ги надминуваат пропишаните димензии за должината, ширината и висината може да се издаде дозвола за вонреден превоз со времетраење од една година, шест месеци и три месеци.

### Член 12

За вистинитоста на податоците во Барањето за добивање на дозвола за вонреден превоз гарантира подносителот заради така што во случај на несовпаѓање не се врши поврат на финансиски средства на име разлика во тежината или во габаритот.

## 4. КОНТРОЛА НА ВКУПНИТЕ ДИМЕНЗИИ, ВКУПНАТА ТЕЖИНА И ОСНОТО ОПТОВАРУВАЊЕ НА ТОВАРНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА

### Член 13

Со контролните мерења на товарните возила (контрола) се утврдуваат реалните димензии на возилата, вкупната тежина и осното оптоварување.

Определувањето на димензиите, како и на вкупната тежина и осното оптоварување се изведува со мерна лента, преносни или стационирани мерни ваги, кога возилото е поставено на приближно хоризонтална површина која е надвор од сообраќајните ленти и не пречи на сообраќајот.

### Член 14

Контролните мерења на товарните возила се вршат врз основа на Годишна програма за контрола на вонредни превози, осовински притисок и вкупна тежина на возила кои се движат на магистрални и регионални патишта во Република Македонија, со која се одредуваат патните правци, деновите и бројот на контролните мерења распоредени по месеци.

Патните правци и делниците на кои ќе се вршат контролните мерења и времето на контролите се утврдуваат непосредно пред спроведување на активноста.

### Член 15

За извршената контрола се прави записник кој содржи:
- податоци за превозникот;
- датум кога е изготвен записникот;
- патниот правец;
- предмет на контролата;
- мерење и резултати од мерењето;
- податоци за возачот и присутните на извршеното мерење;
- видот на товарот што се превезува и
- превземени мерки.

Записникот го составува претставникот на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, а го потпишува возачот и присутните на извршеното мерење. Со содржината на записникот се запознаваат возачот на возилото и неговите забелешки во однос на извршената контрола се внесуваат во записникот.

Примерок од записникот задржуваат овластените лица кои ја направиле контролата, а еден примерок од записникот се дава на возачот на возилото.

### Член 16

Доколку со контролното мерење на товарно моторно возило се утврди дека се надминати дозволените димензии или вкупната маса и осното оптоварување, возилото кое е исклучено од сообраќај, може повторно да се вклучи во сообраќај ако се обезбеди дозвола за вонреден превоз, односно се прилагоди товарот на пропишаните димензиите, вкупната тежина и осното оптоварување за возилото.

## 5. ПРИСТАПЕН ПАТ

### Член 17

Сопствениците и корисниците на објектите лоцирани во заштитниот појас на јавниот пат или во негова близина можат да изградат пристап до јавниот пат, врз основа на одобрение кое го издава Агенцијата за државни патишта, за што поднесуваат барање.

Барањето за изградба на пристапен пат содржи:
- податоци за барателот;
- доказ за сопственост на објектот или доказ за пренесено право на користење на објектот за кој се бара одобрение и
- сообраќајниот проект со приложено решение и извод од важечкиот урбанистички план (проект) со конкретна намена на локацијата.

Кон барањето барателот приложува и:
- согласност за пристапен пат од Министерството за внатрешни работи;
- решение за утврден режим на сообраќај добиено од Министерството за транспорт и врски;
- доказ за платен надоместок за издавање на одобрение за пристапен пат;
- причините заради кои е прекинат легален пристапен пат до наведените објекти, со приложена комплетна документација и
- при изградба на пристапен пат од концесионо поле до јавен пат договор за концесија од Министерство за економија.

### Член 18

Пред издавање на одобрението се врши теренски увид за состојбата за што се составува записник, во присуство на овластено лице на подносителот на Барањето.

### Член 19

Изградбата на пристапниот пат се врши во согласност со одобрението од член 17 на овој правилник.

Увидот во исполнувањето на условите од одобрението се врши од страна на стручно лице на Агенцијата за државни патишта.

## 6. ОГРАДА ВО ЗАШТИТЕН ПОЈАС

### Член 20

Покрај државен пат, може да се дозволи поставување на ограда на објектите кои се во функција на патот (бензиски станици, мотели, сервиси и слично), не поблиску од работ на патниот појас.

Висината и обликот на оградата не треба да ја попречуваат прегледноста на патот односно да ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот.

На автопатите и на експресните патишта, оградата треба да се постави во континуитет со постојната заштитна жичана ограда.

### Член 21

Сопственикот односно корисникот на објектот во функција на патот на кој треба да се постави ограда покрај патот поднесува барање за поставување на ограда до Агенцијата за државни патишта.

Барањето од став 1 на овој член содржи:
- податоци за барателот;
- податоци за патниот правец и на делот од патот на кој се бара поставување на ограда. Кон Барањето се поднесуваат следните документи:
- техничка документација (проект) за поставување на оградата и
- доказ за сопственост односно за правото на користење на објектот во функција на патот.

По поднесеното барање се врши теренски увид во присуство на овластено лице на сопственикот односно корисникот на објектот, за што се составува записник.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 22

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-11867/1
6 септември 2010 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Миле Јанакиески,** с.р.